МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

IDSCS | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ

# Граѓанското општество во изборните програми

*Анализа на изборните програми на политичките партии*

**Издавачи**
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
Институт за демократија Социетас цивилис – Скопје (ИДСЦС)
Македонски институт за медиуми (МИМ)

**За издавачите**
Сашо Клековски, прв извршен директор на МЦМС
Александар Кржаловски, извршен директор на МЦМС
Владимир Мисев, претседател на ИДСЦС
Билјана Петковска, извршен директор на МИМ

**Автор**
Даниела Стојанова

**Подготовка**
Даниела Стојанова, МЦМС

ИСБН 978-608-4617-28-0

Мислењата што се изразени овде им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на издавачите или донаторите на овој извештај.

**МЦМС, ИДСЦС, МИМ**
Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачите, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.

Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачите.

# Содржина


Вовед ... 3

Општи информации за програмите ... 4

Како и колку се спомнува граѓанското општество ... 5

Понуда и предлози за граѓанското општество ... 6

- Подобрување на правната рамка ... 6
- Граѓански дијалог ... 6
- Финансиска поддршка за граѓанските организации ... 8
- Овозможување/доделување испорака на социјални услуги ... 10
- Социјален дијалог ... 10

Заклучоци ... 11

- Прилог 1. Веб-страници на кои се објавени програмите ... 12


## Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство |
| ВМРО-НП | ВМРО - Народна партија |
| ДПА | Демократска партија на Албанците |
| ДУИ | Демократска унија за интеграција |
| ЕПМ | Европска партија на Македонија |
| ЛДП | Либерал демократска партија |
| НД | Нова демократија |
| НДП | Национална демократска преобразба |
| ОМ | Обединети за Македонија |
| СДСМ | Социјал демократски сојуз на Македонија |

## ВОВЕД

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Институтот за демократија Социетас цивилис - Скопје (ИДСЦС) и Македонскиот институт за медиуми (МИМ) во април 2011 г. започнаа повеќе заеднички активности за вонредните парламентарни избори во рамките на интегрираната платформа Мојот избор 2011. Активностите вклучуваат испитување на јавното мислење, набљудување на изборните програми и кампањи, на медиумите, на изборната администрација и на денот на гласањето.

Во овој извештај е презентирана **квантитативна и квалитативна анализа на програмите на политичките партии за вонредните парламентарни избори во 2011 г.** од аспект на предлози и решенија за граѓанското општество.

Во анализата се вклучени **програмите на оние политички партии кои доставиле или објавиле програма за изборите**. Програмите на политичките партии кои беа доставени или објавени на албански јазик, беа преведени на македонски јазик и потоа анализирани.

Во македонската јавност и во стручните кругови не постои взаемно разбирање на концептот (дефиницијата) на граѓанското општество. Во овој извештај е употребена дефиницијата од Цивикус - Индексот на граѓанското општество во Македонија (МЦМС, 2009: Граѓанското општество е дел од општествениот простор надвор од семејството, државата и пазарот, кој е создаден од страна на индивидуални и колективни акции, организации и институции заради постигнување заеднички интереси. Според оваа дефиниција во граѓанското општество се опфатени здруженијата и фондациите, стопанските комори, организациите на работодавачите, синдикатите, политичките партии и верските заедници. Во овој извештај се земени предвид пред сè **здруженијата и фондациите,** како и стопанските комори, организациите на работодавачите и синдикатите.

Резултатите се прикажани во графикони на ниво на целиот примерок. Покрај графиконите, податоците се прикажани и во бројки.

Во овој документ се претставени резултатите од спроведената анализа и заклучоците кои произлегуваат од неа. Дел од резултатите од квантитативната анализа се претставени графички преку графикони и/или табели, а се користат и апсолутни бројки и проценти.

## Општи информации за програмите

За вонредните парламентарни избори во 2011 година, најголем дел (15 или 83 %) од политичките партии/коалиции кои се натпреваруваат за власт објавија/понудија (изборни) програми. Програмите се разликуваат како во содржината, така и во обемот.

**Табела 1: Преглед на политичките партии* кои доставиле/објавиле програма за парламентарните избори 2011 (по редослед во избирачко ливче)**

| Политичка партија | Веб-страница | Година | Јазик | Бр. на стр. |
|---|---|---|---|---|
| Демокрациа е ре – Партија за нова демократија | да | - | Албански | 29 |
| Партија на обединети демократи за Македонија (ПОДЕМ) | да | 2011 | Македонски | 50 |
| Социјалдемократска унија (СДУ) | да | 2011 | Македонски | 48 |
| Демократска унија на Албанците (ДУА) | да | 03/2011 | Албански | 48 |
| ВМРО- Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ ) | да | 2011 | Македонски | 284 |
| Демократска унија за интеграција (ДУИ) | да | 12/2009 | Албански | 87 |
| Демократска партија на Албанците (ДПА) | да | 06/2009 | Албански | 13 |
| Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | да | 2011 | Македонски | 139 |
| Национална демократска унија (НДУ) | не | 2011 | Албански | 4 |
| Либерално – демократска партија (ЛДП) | да | 2011 | Македонски | 122 |
| Политичка партија Демократска десница | да | 2011 | Македонски | 40 |
| Европска партија на Македонија | да | 2011 | Македонски | 9 |
| Партија за демократски просперитет (ПДП) | не | 2011 | Албански | 9 |
| Национална демократска преродба (НДП) | да | - | Албански | 10 |
| Обединети за Македонија (ОМ) | да | 2011 | Македонски | 64 |

*Врски до програмите на политичките партии се дадени во прилог 1, а истите може да се најдат и на www.mojotizbor.mk.

ВМРО - Народна партија (ВМРО-НП), Политичка партија Достоинство (ППД) и Социјалдемократска партија на Македонија (СДПМ) не доставија и немаат објавено изборни програми на нивните веб-страници.

## Како и колку се спомнува граѓанското општество

Политичките партии користат различни термини за граѓанското општество и за организациите кои го сочинуваат истото. Покрај граѓанско општество и граѓански организации, се сретнуваат и невладини организации/здруженија, здруженија, цивилни организации/здруженија, граѓански иницијативи, општествени организации.

Граѓанското општество се спомнува во 10 од 15 од понудените програми (67 %). Најмногу го спомнуваат граѓанското општество, СДСМ (43) и ВМРО-ДПМНЕ (39), но ако се земе предвид и големината на програмата, не е занемарување ни бројот на спомнување од страна на ПОДЕМ, СДУ и ОМ. Во програмите на Демокрациа е ре, ДУИ и НДП граѓанското општество помалку се спомнува, а најмногу во ДУИ (10 пати).

**Табела 2: Колку се спомнува граѓанското општество и/или неговите организации (по редослед во избирачко ливче)**

| Политичка партија | Стр.[1] | Страници[2] | Поглавја[3] | Спомнување на ГО[4] |
|---|---|---|---|---|
| Демокрациа е ре | 2/29 | 21, 24 | 2/9 | 4 |
| ПОДЕМ | 4/50 | 20, 34, 43, 45 | 2/2 | 16 |
| СДУ | 5/48 | 6, 37, 40, 41, 45 | 1/3 | 20 |
| ВМРО-ДПМНЕ | 19/284 | 31, 38, 56, 105, 134, 148, 150, 160, 162, 163, 166, 173, 181, 182, 196, 228, 235, 238, 260 | 9/12 | 39 |
| ДУИ | 6/87 | 36, 51, 52, 57, 64, 65 | 3/6 | 10 |
| СДСМ | 23/139 | 22, 26, 61, 62, 64, 65, 66, 75, 76, 78, 79, 80, 86, 90, 95, 102, 111, 115, 117, 123, 124, 129, 132 | 4/4 | 43 |
| ЛДП | 9/122 | 17, 54, 76, 78, 81, 85, 94, 97, 100 | 2/2 | 16 |
| ЕПМ | 2/9 | 4, 8 | 2/17 | 8 |
| НДП | 1/10 | 11 | 1/8 | 2 |
| ОМ | 2/64 | 13, 63 | 2/17 | 17 |

1 На колку страници се спомнува (од вкупно колку, на пр. на 2 од вкупно 29 страници)
2 Броевите на страниците во кои се спомнува и може да се прочита повеќе
3 Во колку (од вкупно колку) поглавја се спомнува темата (на пр. во 2 од вкупно 9 поглавја)
4 Колку пати се спомнува темата (експлицитно или нејзини облици и/или синоними)

Поголем дел, 7 од 10 (70 %) имаат посветен дел само за граѓанското општество на различни нивоа од програмите. Останатите го имаат вметнато граѓанското општество во различните сектори: економија, здравство, земјоделство, животна средина, социјална политика и др. без посебно да одвојат простор за граѓанското општество.

Најголем дел без разлика дали имаат посебен дел за граѓанското општество (осум од 10) нудат одредени мерки за подобрување на целокупното граѓанското општество или на негови сегменти (Види табела 3). Останатите ги имаат презентирано нивните ставови за граѓанското општество. Предлозите и мерките главно се однесуваат на надградба на правната рамка, финансиска поддршка, граѓански дијалог и испорака на социјални услуги. Помал дел од партиите (на пр. ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ) во програмите имаат наведено и што имаат досега направено за граѓанското општество.

**Табела 3: Посветени посебни делови од програмата и конкретни мерки**

| Политичка партија | Посебен дел и наслов | Конкретни предлози и мерки |
|---|---|---|
| Демокрациа е ре | Јакнење на цивилното општество | Не |
| ПОДЕМ | Актуализација и популаризација на граѓанските организации | Да |
| СДУ | Поддршка на невладиниот сектор | Да |
| ВМРО-ДПМНЕ | - | Да |
| ДУИ | Цивилното општество – заштита на човековите права и слободи Поддршка на невладините асоцијации | Да |

| | | |
|---|---|---|
| СДСМ | - | Да |
| ЛДП | Партиципација | Да |
| ЕПМ | Граѓански сектор и маргинализирани групи | Да |
| НДП | - | Не |
| ОМ | Невладин сектор – Граѓанско општество, двигател за независно мислење | Да |

## Понуда и предлози за граѓанското општество

Политичките партии имаат различни погледи на граѓанското општество, дел го гледаат како актер кој може да ги подобри социјалните услуги, дел како промотор и заштитник на човековите права и/или маргинализираните групи, дел пак како активен чинител на демократијата.

### Подобрување на правната рамка

Мал дел, четири од 10, од политичките партии спомнуваа подобрување или надградба на законската рамка во смисла на понатамошна либерализација на здружувањето. Две од партиите (ПОДЕМ и ДУИ) се залагаат за надградба и измени во смисла на подобрување на условите за дејствување на граѓанските организации. Другите две партии (СДСМ и ЛДП) се залагаат за плурализам во студентското движење, така што измените на правната рамка се однесуваат на ова прашање.

**Табела 4: Предлози во изборните програми за подобрување/надградба на правната рамка**

| Пол. партија | Предлози/заложби |
|---|---|
| ПОДЕМ | - Надградување на законодавството кое влијае врз активностите и работата на здруженијата и фондациите, сојузите, коалициите, синдикатите, коморите со кои се гарантира слобода, независност, транспарентност и почитување на сите модерни демократски вредности за изразување на ставови, мислења и предлози (стр. 43). |
| ДУИ | - ДУИ ќе се ангажира за измените на законската регулатива за создавање на по поволни услови за нивното дејствување во централно, но и во локално ниво како и нивната соработка со меѓународните асоцијации. (стр. 65) |
| СДСМ | - Ќе донесеме посебен закон за пензионерско организирање. Со тоа на поквалитетен начин ќе се уредат и некои активности од синдикален карактер, што сега ги извршуваат здруженијата на пензионери. (стр. 62) |
| ЛДП | - Демонополизација на студентскиот парламент... Да се укине монополот на Студентскиот парламент; Да се формираат повеќе студентски организации, кои ќе се базираат на интересот на студентите за слободно здружување. (стр. 94) |

### Граѓански дијалог

Вклучувањето на граѓаните и граѓанските организации станува сѐ побитно прашање за политичките партии, така седум од 10-те партии кои понудија програми предлагаат активности/мерки за вклучување на граѓанските организации во процесот на креирање политики и/или носење одлуки.

Има разлики во понудените мерки, дел од партиите имаат конкретни мерки за вклучување на сите граѓански организации (ЛДП, ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ), додека други предвидуваат соработка со граѓанските организации од одредени сектори (ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ), трети пак презентираат општи заложби (СДУ, ОМ, ЕПМ, ДУИ). Една од партиите (ЛДП) има посветено посебен дел на граѓанскиот дијалог, односно на „партиципација“ и предложено повеќе конкретни мерки.

**Табела 5: Предлози /предвидени активности во изборните програми за вклучување на граѓанските организации во креирањето на политиките**

| Пол. партија | Предлози/заложби |
|---|---|
| СДУ | - Вистинско, а не хартиено вклучување на НВО секторот при носењето на националните политики: дебатите да се вистински и јавни, а нивниот глас слушнат со учество на владините претставници во нивни активности кога истото е потребно (стр. 45). |
| ВМРО-ДПМНЕ | - ..Спроведување на обуки на бизнис-заедницата и невладините организации за активно вклучување во процесот РИА (проценката на влијанието на регулативата) (стр. 31).<br>- Активно вклучување на граѓаните, бизнисите и невладините организации со предлози за поедноставување на постапките во администрацијата преку веб-портал... (стр. 105).<br>- Ќе го поддржиме формирањето на Локални акциски групи составени од претставници на локалната самоуправа, бизнис-секторот и од невладиниот сектор за подготовка и спроведување на мерки што произлегуваат од потребите на локалната заедница (стр. 148)<br>- Здруженијата на пациенти - наши партнери: Ќе овозможиме директен пристап и оперативност меѓу ФЗОМ и здруженијата на пациенти преку воведување на редовна средба еднаш месечно од страна на ФЗОМ со здруженијата на пациенти... Ќе овозможиме преку веб-портал прибирање и одговарање на коментари и предлози дадени од страна на здруженијата на пациенти. (стр. 235) |
| ДУИ | - ДУИ ќе се ангажира општините да се подигнат во сервис за граѓаните, и да се создадат форуми на граѓаните, на кои земаат учество сите социјални, етнички, родови, јазични структури и граѓанското општество. (стр.36)<br>-... ДУИ ќе придонесе за воспоставување на партнерство со невладините организации ... за ефикасна борба против корупцијата и организираниот криминал. (стр. 51)<br>- ДУИ се ангажира за воспоставување на јавен дијалог, партнерство на сите сектори, преку видна самоиницијатива на институциите, уметниците, невладините организации, кои можат да водат до саканата цел – создавање на предуслови за културен развој... (стр. 64) |
| СДСМ | - Во нејзиното изготвување (*Национална стратегија за производство на храна*) ќе бидат вклучени ... здруженијата на земјоделците, асоцијациите на преработувачите, потрошувачите... (стр. 22)<br>- Во соработка со здруженијата на пензионерите, ќе го промениме начинот на усогласување на висината на пензиите... (стр. 61)<br>- Пензионерите ќе бидат задолжително повикувани на расправите во собраниските комисии секогаш кога се разгледуваат законски решенија што се однесуваат на пензионерите. (стр. 61)<br>- ... некои од поставените или планираните споменици ќе ги дислоцираме низ другите градови во Република Македонија. За овие активности претходно ќе се консултираме со ....еснафските здруженија... За завршените објекти... ќе отвориме широка јавна дебата со вклучување на сите заинтересирани страни (... здруженија на граѓани...).<br>- Новата Влада, во функција на поуспешна економска дипломатија, ќе ги инволвира и не-државните актери: бизнис-здруженија, асоцијации на индустријата и на коморите, ... ...тинк-тенкови, ... (стр. 129) |
| ЛДП | - Внесување на цивилниот сектор во процесот на буџетирање. Цивилниот сектор сега едноставно воопшто не е присутен во буџетскиот процес. ЛДП тоа го гледа како голем недостаток, кој што треба да биде надминат уште при првиот нареден буџетски циклус. (стр. 17)<br>- Принцип на партиципација, што значи на сиромашните и социјално загрозените да им се дадат реални можности за активно учество во политичкиот, економскиот и вкупниот општествен живот. Тоа, пак, подразбира континуирана, катадневна суштинска соработка со бројните здруженија и организации кои ги артикулираат маките и интересите ...<br>- ЛДП се залага за: темелно преиспитување на предложениот модел во консултација со релевантни професионални здруженија и авторитети, посебно во делот на здравствената заштита на децата. (стр. 76)<br>- ФЗОМ тесно ќе соработува со здруженијата на пациенти и ќе постапува согласно нивните интереси. (стр. 78)<br>- Затоа, ЛДП се залага за:<br>- создавање јасна процедура за учество на јавноста во градењето на политиките и законите во сите фази од нивното донесување (јавни расправи, експертски анализи, работни групи со учество на НВОа, транспарентност) |

| | |
|---|---|
| | - користење на референдум како редовен начин на учество на граѓаните во процесите на одлучување (промена на одредбите на законот за референдум)<br>- формирање на посебен оддел во Владата кој ќе биде задолжен за соработка со НВО и поддршка на работата на невладините организации<br>- враќање на експертите и претставниците на цивилното општество во работата на комисиите на Собранието. (стр. 85)<br>- Донесување на закон за медиуми во тесна соработка со сите заинтересирани структури - медиумите, здруженијата (ЗНМ, АПЕМ, Синдикат на новинари), Советот за радиодифузија, со цел донесување на закон кој ќе обезбеди слобода и професионалност на медиумите, но, и регулација и саморегулација на медиумите. (стр. 100) |
| ЕПМ | - Овозможување врвни услови за развој на граѓанскиот сектор во ... градење клима за заедничка соработка помеѓу државните институции и граѓанскиот сектор за приоритетните прашања на земјата;..... Создавање услови за вклученост на сите граѓани во општеството и општествените процеси преку организирани партнерски проекти и програми помеѓу државните институции и граѓанскиот сектор, за покренување на духот на успех во колективната свест на граѓаните. (стр. 8) |
| ОМ | ...ќе го издигне односот меѓу државата и граѓанскиот сектор на ниво на респектабилен дијалог и вистинска соработка;<br>...ќе обезбеди институционални механизми и процедури за зајакнато влијание на невладините организации, како битен сегмент за развој на демократијата во општеството;<br>... ќе настојува граѓанското општество да ја преземе улогата на информатор на граѓаните за нивните права и обврски, улогата на создавач на услови за остварување на индивидуалните слободи и улогата на коректор на власта. (стр. 63) |

## Финансиска поддршка за граѓанските организации

Во изборните програми простор наоѓаат и предлозите за (финансиска) поддршка на граѓанските организации. Слично како и за претходните подрачја дел од партиите презентираат општи заложби, а дел конкретни мерки. СДУ и ОМ ветуваат дека ќе овозможат транспарентно и навремено доделување на финансиска поддршка на граѓанските организации од буџетот. Даночни олеснувања за донации и спонзорства за граѓанските организации, како мерка за нивно финансирање предлагаат СДУ и ЛДП. Двете најголеми партии, ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ укажуваат како ќе ги раководат средствата од Европската Унија и предвидуваат финансиска поддршка на организации од одредени сектори (млади, пензионери, здравство и др.).

**Табела 6: Предлози во изборните програми за подобрување на финансирањето**

| Пол. партија | Предлози/заложби |
|---|---|
| ПОДЕМ | - Подигнување на јавната свест за потребата од заштита на животната средина преку финансирање на проекти на невладини организации, здруженија на граѓани и поединци (стр. 34).<br>- Грижа за растот и развојот на граѓанските облици на здружување со поголемо учество во финансиската поддршка на иницијативите и проектните активности кои ја афирмираат секоја заедница внатре во државата и ќе водат кон интеграција на регионот, Европа и светот (стр. 43). |
| СДУ | - Бизнис секторот ќе се мотивира да има поактивна улога во поддршката на работата на невладиниот сектор... бизнис секторот ќе добие одредени даночни олеснувања што ќе биде дополнителна мотивација за одговорно однесување во земјата (стр. 40).<br>- Поттикнување на бизнис секторот да биде поактивно вклучен во поддршката на невладиниот сектор преку законски решенија кои за возврат ќе им овозможат пофлексибилен пристап и даночно олеснување (стр. 45).<br>- Широка и рамномерна распределба на буџетски средства за невладиниот сектор. Отстранување на практиката со која средствата од државниот буџет за невладините организации им се доделуваат на крајот на годината за истата тековна година. Доделувањето на средства за НВО треба да биде преку отворен конкурс, јавен, со вклучување на сите клучни области со строго зацртани рокови и за доделување на средства и за имплементација на проектите (стр. 45). |

| | |
|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | - ќе се дава и помош при подготовката на апликацијата за овие грантови и донации (странски грантови и донации). Со тоа ќе го зголемиме користењето и на европските претпристапни фондови, но и на сите други програми коишто ги нуди донаторската заедница на Македонија (стр. 38).<br>- Кампањите организирани и спроведени од националните здруженија и национални асоцијации на производители *(на вино)* ќе бидат значително кофинансирани преку годишните програми за финансиска поддршка по претходно одобрена програма... Знак за квалитет - препознаен квалитет. Ќе дадеме поддршка на национални здруженија на производители за воведување на знак за квалитет за означување на ознака за потекло, ... (стр. 150).<br>- ...ќе продолжи со реализација на проектите финансирани од европските фондови во областите на: ...; јакнење на капацитетот на невладиниот сектор; ... (стр. 196)<br>- Проект „Саем за младински организации"....Агенцијата за млади и спорт во периодот 2011-2015 година ќе организира 4 саеми на младински организации (по еден саем годишно). За реализација на проектот ќе инвестираме 1,5 милиони денари годишно... (стр. 260)<br>- Проект „Стоп за пороците" ....... Проектот ќе се реализира од страна на Агенцијата за млади и спорт во соработка со Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, како и здруженијата на граѓани кои работат во оваа проблематика. (стр. 260) |
| СДСМ | - Ќе ги субвенционираме до 20 % трошоците за интегрирање на организациите на земјоделци и сточари од Македонија со регионалните откупни центри преку договори за производство на одредени сорти на производи и нивен гарантиран откуп. Стр. 26;<br>- За таа цел ќе ги покриеме трошоците за печатење на постојното списание „Пензионер" што еднаш месечно го издава Сојузот на здруженија на пензионери... (стр. 62)<br>- Ќе поддржуваме иницијативи за активно вклучување на студентите и научниот подмладок во научно-истражувачката работа преку финансирање на посебна програма за невладини организации кои се занимаваат со иновации и истражувања.( стр. 80);<br>- Како услов за поголема мобилност на младите, ќе го поттикнеме волонтерството меѓу учениците поддржувајќи организации кои ќе се занимаваат со размена на ученици, организација на летни школи, семинари, кампови, истражувања итн. (стр. 80)<br>- Ќе се обезбедат средства за поддршка на здруженијата на пациенти... (стр. 90)<br>- Ќе обезбедиме финансиски средства и соодветен простор за здруженијата на граѓани од областа на здравствената заштита, како и за клубовите на болните од одредени болести..., со цел да создадеме услови за зајакнување на нивната улога во комуникацијата со стручната јавност при донесувањето на прописи од здравствената заштита. (стр. 95)<br>- Новата Влада ќе реализира една милијарда евра од фондовите на ЕУ за ...НВО-секторот, ... Ќе го отвориме процесот на користење на фондовите, со целосно учество на НВО-секторот, ... Ќе овозможиме целосно учество на сите заинтересирани ... и организации во подготовката на програмите за користење на средствата, како и на критериумите за нивно доделување... Средствата од една милијарда евра од грантови, средствата од кофинансирање и од сопствено учество исклучиво ќе се наменат за инвестиции во ... поддршката на НВО-секторот... (стр.132) |
| ЛДП | - Директната финансиска зависност на културата од државата ја поттикнува нејзината политичка зависност. Затоа, ЛДП се залага за.... Донации и спонзорства, за што се создадени законски предуслови (Закон за донации и спонзорство и Закон за невладини организации и фондации). Стр. 97; |
| ЕПМ | - Граѓанско општество – градење на капацитетите за организациите на граѓанското општество и помош за регионалните центри за поддршка на НВО. (стр. 4)<br>- Овозможување врвни услови за развој на граѓанскиот сектор во земјата, буџетска поддршка на здруженијата на граѓани и фондациите... (стр. 8) |
| ОМ | - финансиски ќе го потпомага невладиниот сектор во транспарентна постапка со утврдени критериуми и процедури;<br>- ќе настојува Владата активно финансиски на неселективен начин и преку транспарентно објавен конкурс, да ги помага невладините организации, здруженија и фондации. (стр. 63) |

## Овозможување/доделување испорака на социјални услуги

ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ планираат продолжување или воспоставување на практиката за испорака на социјални услуги од страна на граѓанските организации.

**Табела 7: Изборните програми за граѓ. организации како испорачувачи на социјални услуги**

| Пол. партија | Предлози/заложби |
|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | - Планираме отворање Центри за давање на помош во домашни услови на изнемоштени стари и други возрасни лица во општините...преку искористување на сите можни ресурси на локалната самоуправа и граѓанските организации за овозможување на поквалитетен живот на старите лица во домашни услови... Операционализација на мерките и активностите од Националната стратегија за заштита на стари лица (2010-2020) со посебен акцент за отворање на социјални сервиси на локално ниво во соработка со општините и граѓанските организации. (стр. 162)<br>- Ќе продолжиме со јакнење на свеста и поддршката на жртвите и по потреба ќе отвориме дополнителни засолништа за жртви на семејно насилство во соработка со локалната самоуправа и граѓанските здруженија, како и мрежа на советувалишта за работа со насилниците. (стр. 166)<br>- Достоинствени психијатриски установи: ...ФЗОМ ќе ги иницира средбите со невладините организации и други организации кои можат да помогнат во подобра грижа и негување на оваа категорија осигуреници. (стр. 238) |
| СДСМ | - На пензионерите ќе им се овозможи и вонинституционална поддршка преку невладини организации кои ќе имаат обучени кадри за поддршка на стари и изнемоштени лица. Ваквата активност невладините организации ќе ја извршуваат преку волонтери, финансиски поткрепени од донатори и од државниот буџет. (стр. 62)<br>- Вонинституционалната заштита ќе се остварува со преземање на мерки преку Центрите за социјална работа и невладините организации, при што невладините организации ќе имаат континуиран пристап преку своите сервисни служби во давањето на услуги за.... (стр. 65)<br>- Ќе се обезбедат законски одредби со кои ќе се регулираат меѓусебните односи помеѓу надлежниот орган и здруженијата на граѓани (невладини организации), кои обезбедуваат социјални сервисни служби за реализација на континуирани програмски активности. (стр. 66) |

## Социјален дијалог

Три од партиите го спомнуваат социјалниот дијалог / Економско-социјалниот совет со предлози за негово надградување или проширување.

**Табела 8: Економско-социјален совет/социјален дијалог**

| Пол. партија | Предлози/заложби |
|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | - Определивме критериуми за утврдување на репрезентативни синдикати и здруженија на работодавачи, а со тоа го заживееме трипартитниот социјален дијалог. Го формиравме Економско-социјалниот совет. Ќе продолжиме со развивање и надградување на социјалниот дијалог. (стр. 160).<br>- Мултилатерална комисија составена од Министерството за здравство, Управниот одбор на ФЗОМ во кој се вклучени и Синдикатот и осигурениците, трите комори заедно со професионалните здруженија на здравствени работници. (стр. 228) |
| СДСМ | - Пензионерите ќе имаат свој претставник во Управниот одбор на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Пензионерите ќе имаат претставник и во Економско-социјалниот совет, што во иднина ќе се вика „Трипартитен плус совет“. (стр. 61) |
| ЛДП | - Зајакнување на улогата на синдикатите како партнери во процесот на одлучување (обврска за консултации, експертско мислење, присуство на комисии, учество во јавна расправа). (стр. 85) |

# Заклучоци

**1. Поголем од политичките партии го спомнуваат и нудат предлози за унапредување на граѓанското општество**

Граѓанското општество се спомнува **во 10 од 15** од понудените програми. Најмногу го спомнуваат граѓанското општество СДСМ (43 пати) и ВМРО-ДПМНЕ (39). Во програмите на Демокрациа е ре, ДУИ и НДП граѓанското општество помалку се спомнува (најмногу во ДУИ, 10 пати).

**Поголем дел** од оние кои презентираа програми **имаат посветен дел на граѓанското општество**. Останатите го имаат вметнато граѓанското општество во различните сектори: економија, здравство, животна средина, социјална политика и др.

Во **осум од десет програми** се **нудат одредени конкретни мерки** за унапредување на граѓанското општество. Останатите ги имаат презентирано нивните ставови за граѓанското општество. Предлозите и мерките главно се однесуваат на граѓанскиот дијалог и на финансиската поддршка.

**2. Мал фокус на подобрувањето на правната рамка**

**Мал дел**, четири од 10, од политичките партии **спомнуваат подобрување или надградба на законската рамка** во смисла на понатамошна либерализација на здружувањето. Две од партиите (ПОДЕМ и ДУИ) се залагаат за надградба и измени во смисла на подобрување на условите за дејствување на граѓанските организации. Другите две партии (СДСМ и ЛДП) се залагаат за плурализам во студентското движење.

3. **Граѓанскиот дијалог опфатен со поголем дел од програмите**

**Поголем дел** од оние кои презентираа програми (7 од 10) **ветуваат мерки со кои ќе се овозможи или подобри вклученоста на граѓанското општество** во креирањето политики или носењето одлуки.

Некои од партиите имаат конкретни мерки за вклучување на сите граѓански организации (ЛДП, ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ), додека други предвидуваат соработка со граѓанските организации од одредени сектори (ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ), трети пак презентираат општи заложби (СДУ, ОМ, ЕПМ, ДУИ).

Една од партиите (ЛДП) има посветено посебен дел на граѓанскиот дијалог, односно на „партиципација" и предложено повеќе конкретни мерки.

**4. Различни предлози за подобрување на финансирањето**

СДУ и ОМ ветуваат дека ќе овозможат **транспарентно и навремено доделување** на финансиска поддршка на граѓанските организации од буџетот. **Даночни олеснувања** за донации и спонзорства за граѓанските организации, како мерка за нивно финансирање предлагаат СДУ и ЛДП. Двете најголеми партии, ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ укажуваат како ќе ги раководат **средствата од Европската Унија** и предвидуваат финансиска поддршка на организации од одредени сектори (млади, пензионери, здравство и др.).

**5. Продолжување на практиката за испорака на услуги ветуваат две од политичките партии**

ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ планираат продолжување на практиката за испорака на социјални услуги од страна на граѓанските организации во различни сектори (стари лица, здравство).

**6. Помал дел од партиите со предлози за социјалниот дијалог**

Три од партиите (ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и ЛДП) го спомнуваат социјалниот дијалог / Економско-социјалниот совет со предлози за негово надградување или проширување.

## Прилог 1. Веб-страници на кои се објавени програмите

| Подносител | Програма |
|---|---|
| Демокрациа е ре | http://www.demokraciaere.org/pod/docs/ProgramiDR_1.pdf |
| ПОДЕМ | http://podem.org.mk/PODEM_Docu/programa2011Podem.pdf |
| СДУ | http://www.sdu.org.mk/images/stories/dokimenti/izborna-programa-sdu.pdf.pdf |
| ДУА | http://bdsh.eu/docs/platforma.pdf |
| ВМРО-ДПМНЕ | http://vmro-dpmne.org.mk/Dokumenti/Manifest_za_reformi_i_razvoj.pdf |
| ДУИ | http://www.aliahmeti.org/dokumente/programi09.pdf |
| ДПА | http://www.gurra-pdsh.org/ |
| СДСМ | http://www.zatvojataidnina.mk/upload/pdf/Programa_SDSM_2011.pdf |
| ЛДП | http://ldp.org.mk/Dokumenti/LDPProgramaImaIzlez.pdf |
| Демократска десница | http://www.demokratskadesnica.org/programa.pdf |
| НДП | http://www.rdk.org.mk/index.php/programi |
| ОМ | http://www.obedinetizamakedonija.mk/File/OM%20-%20Izborna%20Programa%20-%202011.pdf |

На веб-страницата на интегрираната платформа за набљудување на вонредните парламентарни избори 2011: **www.mojotizbor.mk** може да се најдат сите доставени/објавени програми на политичките партии.